**МИТРЕВА Рената**[1] **УДК:343.253(091)**

# СМРТНА КАЗНА

**Апстракт:** Резимето се однесува на смртната казна, корените на истата, начините на реакција на општеството во минатото. Сето тоа се поврзува со појавата на смртна казна и методите на извршување на истата. Исто така се елаборирани таквите методи, но и најчестите методи на смртна казна кои се применуваат денес во државите во кои постои казнување со смрт. Опфатени се и дилемите кои се јавуваат за тоа дали да постои или да не постои ова казнување, зошто да постои, а зошто да не постои и ако постои за кои дела и на кој начин да биде извршено. Се зема предвид влијанието на уставните одредби од Уставот на РМ и забраната за смртна казна во највисокиот акт на државата, но и непостоењето на санкција како таква во нашиот КЗ. Но, не само на домашен терен, исто така е опфатена и улогата на Amnesty International, светска организација за борба за зачувување на човековите права и борба против смртната казна. Во прилог на овој труд се земаат предвид и статистичките податоци кои визуелно се обоени со четири бои кои укажуваат на земјите каде се извршува, каде за некои дела се извршува и каде е забранета смртната казна.

**Клучни зборови**: *историја, методи, дилеми, статистики, светска организација*

**MITREVA Renata**

# DEATH PENALTY

**Abstract:** The summary refers to the death penalty, the roots of the same, and ways of society responding in the past. All that is associated with the occurrence of the death penalty and the methods of carrying out the same. There are elaborated these methods, but not only them, also there are elaborated and the most common methods of capital punishment applied today in the countries in which capital punishment exists. The resume is about the dilemmas if should or should'nt be able this punishment and if it is able then which method for which cases would be used. It takes into account the impact of the Constitution of RM and the prohibition of the death penalty in this highest act of the state, but also the lack of sanction as such in our Criminal Code. But not only at home, also covered the role of Amnesty International, a worldwide organization to fight for the preservation of human rights and against the death penalty. In

[1] Студент на прв циклус студии на Правен факулет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

addition to this paper takes into account the statistical data visually colored with four colors indicating the country which is practicing, partly practicing or not practicing the death penalty.

**Keywords**: *history, methods, dilemmas, statistical data, world organization*

**Вовед**

Предмет на истражување на овој труд е смртната казна, која како таква не постои во Република Македонија, но има историски податоци кои укажуваат на нејзиното поранешно постоење. Ова е доста интересна тема која опфаќа голем број заинтересирани дебатери околу истата. Иако, кај нас сега не постои, сепак во светот има голем број држави кои ја практикуваат ваквата казна. Најчесто, во државите каде постои истата се јавуваат оние кои се против таквата казна, а во државите каде што е забранета, поголемиот дел од луѓето сметаат дека треба да постои. Тргнувајќи од мој личен став, пред да се елаборира значењето на ова казнување и видовите смртни казни, сметам дека истата е потребна како таква за оние дела кои се од потешко значење, како тероризмот, серискoто убивање, убиства од умисла, полово „убиство“ на малолетници и слично. Противниците би рекле дека државата нема право да одлучи да се одземе нечиј живот, но тогаш, кој им го дава тоа право на убијците да одземаат нечии животи? Темата за казната за одземање на нечиј живот, повикува на голем број реперкусии но и акцептирања, различни ставови, застапена во голем број држави во светот, но секоја држава е приказна сама за себе и има свои различни закони и акти кои се повикуваат на ова казнување под различни услови, исто како и различните историјати на народите, кои се повикувале на смртната казна многу почесто од денес, но сепак, на различен начин, секоја држава, сама за себе.

Во овој труд се обработени историските корени на смртната казна, но се опишани и бројните начини на извршување, како и борбата на светот денес против постоењето на овој начин на казнување.

1. **Историски корени на смртната казна**

Смртната казна може да се сретне во многу историски извори кои укажуваат на развојот на мислата на тогашните луѓе и нивната реакција и инстинкт да вратат на најстрог можен начин за стореното злодело. Сепак, останува фактор дека општествената реакција на криминалните однесувања и интензитетот на ретрибутивноста, пунитивноста и репресивноста што со себе ја носат средствата на општествена реакција се во непосредна зависност од степенот на развиеноста на средствата за производство, општествено-економските основи, политичкиот и социолошкиот развој заснован на тие основи и положбата на човекот во општеството.[2] Мерките

2) Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски, Пенологија (прв дел), Правен факултет

на општествена реакција што се применуваат во примитивната заедница се систематизираат во три групи: прво, прогонство, второ, крвна одмазда и трето, систем на компензација[3], со што можеме да заклучиме дека првите два начина се идентични во одделни ситуации на смртната казна.

Исто така, голема улога во појавата на смртната казна игра и начелото на талион. Првите рудиментарни почетоци на казненоправното регулирање на односите меѓу луѓето се врзуваат за афирмацијата на начелото на талион: око за око, заб за заб, со кое била повлечена првата гранична линија на неограничената и неодмерена одзмазда за извршеното злодело.[4]

Сепак, големо е и значењето на постоењето на крвната одмазда во племенските заедници која била трансформирана во смртна казна со појавата на јавните казнувања.

За смртната казна најголемо значење има развојот на стариот и средниот век, каде што покрај оваа казна на смрт, имало и телесни казни, казни на општествена деградација, парични казни, но и казни на депортација и прогонство. Од најстарите времиња до денес за најтешка казна се смета смртната казна со која се одзема животот на човекот – нешто што не може да му се врати, нешто низ кое човекот постои. Таа настанала како потреба непоправливиот злосторник да се елиминира од општеството засекогаш, општеството да му се одмазди на најсвиреп можен начин, а со начинот на извршувањето да ги заплаши другите. Во оваа казна најсилно и најефективно се содржани двата основни елемени на казнувањето од овој период: одмазда и застрашување. Овие елементи во ова време се обезбедуваат на тој начин што постојано се изнаоѓаат начини за што посвирепо и посурово извршување на смртната казна. Смртната казна се заснова врз сфаќањето дека државата како претставник на општеството и заштитник на неговите интереси, во таа функција во името на заштитата на општите интереси може да му го одземе животот на сторителот на кривичното дело. Во оваа казна се вградени повеќе елементи: да се оствари одмазда што ќе биде адекватна, а по потреба и построга, опасниот сторител да се елиминира од општеството засекогаш, а според начинот на извршувањето да ги заплаши другите потенцијални деликвенти. Ова последното е врз уверувањето дека психолошкото дејство на планот на застрашување кај оваа казна е многу големо и значајно. Примената на смртната казна во овој период носи две значајни карактеристики: се применува за голем број кривични дела и таа е предодредена за пониските општествени слоеви. Овие два елемента ја определуваат и нејзината честа

„Јустинијан Први“, Скопје, 2013, 119-120.

3) Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски, Пенологија (прв дел), Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2013, 121.

4) В. Камбовски, Казнено право (општ дел), 2 Август, Скопје, 2006, 47-48.

примена особено во оние периоди кога криминалитетот се наоѓал во пораст или кога владејачката класа ќе почувствувала дека е загрозена нејзината позиција. Непокорноста од кој било вид и во кој било однос секогаш се казнувала со смрт. За претходните периоди и нема сигурни податоци како и во кој обем се применувала иако се знае дека често се применувала, но затоа за средниот век се знае дека оваа казна имала многу широка примена особено спрема професионалните злосторници, разбојниците и други. Според некои податоци само во времето на Хенрик VIII во Англија биле обесени 72.000 лица за кривичното дело кражба. Во периодот од 1688 во Англија смртната казна била предвидена за 50 кривични дела, а до крајот на векот нејзината примена се проширила на 200 кривични дела.

Во овој временски период за судовите не е проблем да ја изречат смртната казна, но проблем е за џелатите да измислат начин на извршување што ќе ја направи посвирепа, побрутална, со што повеќе елементи на измачување на осуденото лице. Оттука, и многу начини на извршување на смртната казна: печење на ражен, фрлање во врела вода или друга течност, растргнување на тркало, печење со зажарено железо, давење, набивање на колец, заѕидување, спалување на оган, најразлични начини на бесење. Затоа во времето кога царува смртната казна, џелатите што ги извршуваат смртните казни се луѓе со посебна професија и углед во општеството. Нивната професија здружува многу карактеристики на уметност, наука и јавно забавување.

Во периодот на ренесансата, во 14 век кога се јавуваат хуманистички идеи што имаат влијание и врз организацијата на судството, врз примената на принципот на законитост во казнувањето и врз самиот систем на казни, нема некои значајни промени, бидејќи податоците покажуваат дека во 16 и 17 век, дури и во 18 век, смртната казна сè уште има честа примена, а во Англија се применувала и врз деца од 8 до 11 години за релативно лесни кривични дела. Во текот на 18 век сè погласни и почести се настојувањата за стеснувањето на бројот на кривичните дела за кои се применува смртната казна, а во 19 век се појавуваат и првите идеи за укинување на истата. Во 20 век овие дискусии продолжуваат, но смртната казна се задржува, а настојувањата за хуманизација се ориентираат во насока на изнаоѓање начини за нејзино извршување што ќе значат што побрза и полесна смрт за осуденото лице. [5]

## 2. Видови методи на извршување на смртна казна низ историјата

Низ историјата може да се сретнеме со голем број различни брутални методи, кои биле користени за да се изрече и изврши смртната казна. Всушност, може да се каже дека и не било проблем и тешкотија да се

[5] Љ. Арнаудовски и А. Груевска-Дракулевски, Пенологија (прв дел), Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2013, 129-131.

донесе одлука за ваква казна, кое се гледа низ големата бројка на изречени смртни казни за мали дела, кои за жал сè уште се употребуваат во некои племенски заедници, рурални средини, но и во некои источни и западни поголеми држави. Денес се смета дека бруталноста која произлегува од начините на извршување на смртната казна, е несфатлива за 21 век, во ера на развој и заштита на човековите права, особено не за ситни кривични дела, ниту пак за хомосексуални бракови, но сепак дискусии и дилеми се јавуваат во однос на потребата од ова казнување за најтешките дела на сериски убијци, чедоморци, педофили и слично. Во продолжение ќе се запознаеме со различните инструменти, методи, начини, видови на извршување на смртната казна во минатото и за кои сè морално несфатливи појави, ситуации и луѓе за во тоа време, биле казнувани виновниците.

- Пила – овој начин е поврзан во време на владеењето на римскиот император Калигула.[6] Сторителот е свртен наопаку и го сечат со пила од препоните па сè до черепот.
- Каменување – се споменува уште во 450 г. пр.н.е. од страна на Херодот и Софокле. Денес сè уште постои во Иран. Мажите ги закопуваат во земја до половина, а жените до вратот. Потоа ги удираат со големи камења, па казнетите имаат две решенија: или да умрат или да избегаат. Ако успеат да избегаат, тогаш се слободни.
- Бавно сецкање - метод кој се користел во Кина сè до 1903 година кога бил забранет. Уште е познат под името „Лингчи" или „смрт од илјада парчиња", чија цел е сторителот на делото да не умре пребрзо, туку да се измачува сечејќи му што е можно поситни парчиња од телото.
- Гилотината - претставува справа за извршување на смртна казна со која се отсекувала главата на осудените затвореници во Франција. Била воведена во 1792 г. во време на Француската револуција на предлог од страна на лекарот д-р Жозеф И. Гијотен. За последен пат гилотината во Франција се употребила на 10 септември 1977 г., а на 9 октомври 1981 г. смртната казна била укината.
- Одење по талпа – била користена од страна на пиратите, така што жртвите биле присилувани да чекорат по талпа од брод, па потоа ги турнувале во водата, со што тие немале време да испливаат, бидејќи биле распарчувани од ајкули.
- Отстранување на кожа – овој метод бил користен јавно за да предизвика страв меѓу останатите како последица на грозоморниот чин на остранување и одлепување на кожата на осуденикот од неговото тело.
- Бронзен бик - справа за мачење и направа за извршување на

6) Калигула (латински: Gaius Iulius Caesar Germanicus, Gaius Caesar или Caligula) е третиот римски император. Познат е и како Гај Јулиј Цезар Германик. Познат е по својата екстравагантност, ексцентричност и голем деспотизам. Бил познат и како „лудиот" поради своите бескомпромисни решенија.

погубување осмислена во стара Грција. Според записите на Диодор Сицилиски, Перил од Атина го осмислил и го предложил бронзениот бик како справа која тиранинот Фаларис од Сицилија би ја користел за погубување на криминалците. Бикот целосно бил направен од бронза, шуплив однатре со вратичка одстрана. Бикот бил со облик и големина на жив бик и имал вграден звучен апарат кој вресоците ги претворал во бревтање на бикот. Осудените биле заклучувани во бикот и се запалувал оган под справата, кој го загревал металот, а личноста во внатрешноста се печела до смрт додека била жива.

- Тркало за кршење - ова тркало за мачење било употребувано за погубување на криминалците, и тоа со многу бавна и мачна смрт. Се работело за големо тркало од запрежна кола. Криминалците ги врзувале за тркалото и потоа измачителот со чекан му ги кршел коските на тој што ќе ја имал таа лоша среќа да биде врзан на тркалото. Откако ќе се завршело со кршењето, жртвата била оставана полека да умре на тркалото, така што дури и птиците можеле да го колват месото на сè уште живиот човек.
- Бамбус - бавна и болна казна користена во Азија, каде што жртвата била врзувана за бамусови стебла, а бидејќи бамбусот расте доста брзо, истиот полека ќе навлегува во телото на жртвата, сè додека жртвата не биде усмртена.
- Рамка - оваа направа претставувала долгнавеста правоаголна рамка изработена од дрво. На едниот крај имало неподвижна шипка или штица на којашто биле врзувани нозете, а другиот крај имало подвижна на која што се врзувале рацете. Со помош на рачка преку овој систем на истегнување му ги тегнеле екстремитетите на човекот сè додека не се искине мускулното ткиво и лигаментите и на тој начин рацете и нозете би му се одвоиле од телото.
- Ковчег за измачување - овој метод бил употребуван во средниот век. Осудениците биле прицврстувани на метална рамка за подолг период, соодветен на тежината на нивниот грев. Најчесто биле оставани така сè до нивната смрт, предизвикана или од животните кои што го кинеле нивното месо или пак ако жртвата била оставана на јавно место, била каменувана од луѓето околу неа.
- Железна девица - во овој ковчег од железо се затворале жртвите. Во него имало направено отвори во коишто биле пикани ножеви и шилци, а жртвата полека умирала во стоечка состојба.
- Еретичка виљушка - и овој изум било дело на инквизицијата. Се состоел од две виљушки на спротивните краеви на метална шипка. Една од виљушките била поставена под брадата, а другата во пределот на градите. Направата не предизвикувала смрт, бидејќи острициите не доспевале до виталните органи, но зборувањето и движењето на

вратот биле невозможни за тие коишто би ја имале честа да ја носат оваа виљушка. За време на носењето, рацете им биле врзани зад грбот. Најчесто жртвите завршувале со повреди на вратот и умирале од инфекции, или најразлични заразни.

- Кршачи на прсти - на овој начин исто така изнудувале признанија од затворениците. Прстите би биле вметнувани во овие направи и со помош на рачка биле полека приклештувани. Ова измачување било многу болно и траело со часови. Исто така, биле изработувани и направи за кршење на колена, лакти, па дури и глави.

Ова се само дел од многуте застрашувачки начини на убивање и казнување преку смртна казна во минатото, кои за жал сè уште се случуваат и употребуваат во некои запоставени и примитивни средини низ светот за мали дела и воопшто морално неприфатливи дела. Меѓу овие, ги имало добропознатите, но и најбизарните - скафизам[7] и лулката на Јуда[8], но и покрај нив, се среќавале оние повообичаените – бесење, каменување, стрелање, отсекување глава, вриење, распнување, осакатување, палење на клада итн.

### 3. Методи на извршување на смртната казна денес

Иако е намален бројот на држави во светот со смртна казна, сепак таму каде што постои, постои на поразличен начин од минатото (иако не се исклучени со мал процент и некои примитивни заедници кои ги користат и тие застарени методи). Денес смртната казна се извршува најчесто со смртоносна инјекција, со електричен стол, гасна комора, стрелање или пак, бесење.

- Смртоносна инјекција - Смртоносна инјекција е средство за извршување на смртна казна, под налог на судско решение. Процесот подразбира внесување на одредени супстанции во организмот на казнетиот, со цел да се усмрти истиот. Ваквиот вид на казна денес постои благодарение на њујоршкиот доктор Џулус Маунт Блејер, кој во 1888 година, го предложил овој вид на казнување пред сè заради тоа што „предизвикува безболна смрт и е похуман начин на погубување за разлика од кој било друг дотогаш“. За време на

7) Жртвата била врзувана гола на чамец во вода. На жртвата ѝ се давало да јаде мед и млеко за да се предизвика непрекината дијареа, по која се собирале многу инсекти, но и телото на жртвата се мачкало со мед и млеко за исто така да се собираат инсекти. Инсектите го јаделе телото на жртвата и по неколку дена, така што истата умирала од шок, глад, дехидрација или целосно јадење од инсектите.

8) Оваа направа за измачување била во вид на седиште со пирамидален облик. Жртвата била поставувана озгора, со врвот на пирамидата во нивниот анус, и потоа полека спуштана на пирамидата. Осуденикот најчесто бил соблекуван гол за да се зголеми неговото понижување. Тој бил наденуван на пирамидата сè додека задниот дел не би му бил распаран, умирајќи во големи маки.

усмртувањето се користат три типа на супстанции, и тоа: натриум тиопентал кој претставува еден тип на анестезија. Стандардната доза е околу 3-5 мг/кг, додека за време на извршување на казната се користи доза од 300 мг. Анестезијата дејствува така што во рок од десетина секунди доаѓа до мозокот, а осудениот губи свест; панкурониум бромид е супстанција која предизвикува парализа на мускулите кај човекот, така што парализата настанува во рок од 10 до 45 секунди по внесувањето на супстанцијата во организмот, а парализата трае околу четири часа; калиум хлорид е супстанцијата која влијае на работата на срцевиот мускул и дејствува во рок од неколку секунди, со што настапува смрт на лице место.

- Електричен стол – осуденото лице се сместува на стол кој е опремен со електрична струја му се нанесуваат електрични шокови сè додека не умре. Алфред Саутвик бил њујоршки заболекар кој прв ја дал идејата за електричен стол. Првиот ваков стол бил направен во 1888 година со цел да се хуманизира начинот на извршување на смртната казна. Осуденото лице се врзува со ремени на електричен стол. Се заштитува лицето на осуденото лице за да не дојде до изгореници. Струјата се пушта на секои 30 секунди до 1 минута. Во принцип се потребни два електрични шока, но некогаш и многу повеќе.
- Гасна комора – најмногу била употребувана од страна на Хитлер, но денес ја има и во САД. Лицето се затвора во просторија, па во просторијата се пушта калиум цијанид. Потоа се додава и концентрирана сулфурна киселина. Сведоците може да го гледаат процесот однадвор. На осуденото лице му се дава можност за последна изјава и за крај се пушта смртоносен водород цијанид гас.

## 4. Статистички податоци

Од страна на светските организации во борба против смртната казна се вршат набљудувања на практиката и зачестеноста на егзекуцијата во секоја држава во светот, но исто така, преземаат акции за елиминација на оваа казна. Секоја година се насочуваат овие организации кон заштита на правото на живот на човекот и секоја година вршат анализи и собираат статистички податоци за застапеноста на ова казнување. Така, од јули 2015 година, 101 држава ја укина смртната казна за секој вид кривично дело. За разлика од тоа, во 2014, најмалку 22 земји ширум светот ја извршиле смртната казна, а најмалку 2,466 луѓе биле осудени на смртна казна што е за 28% повеќе од 2013 г. Еве како изгледа тоа прикажано на картата од светот:




Ширум светот постои тренд за укинување на смртната казна.

Помеѓу 1993 и 2009 г., бројот на земји кои со закон ја укинаа смртната казна за сите кривични дела се зголеми од 55 на 97.

Од декември 2010 г., 139 земји – повеќе од 2/3 од земјите во светот – се застапуваа за укинување со закон или во пракса.

Во 2010 г., во 23 земји/територии беа извршени погубувања и во најмалку 67 земји беа изречени смртни казни (Кина, Иран, Северна Кореја, Јемен, САД и Саудиска Арабија се на врвот на листата).

Иако се намалува примената на смртната казна ширум светот, сепак бројките остануваат да бидат високи. Онаму каде што смртната казна останува да важи, постојат сериозни проблеми во однос на почитувањето на меѓународните норми и стандарди, имено во ограничувањето на смртната казна само за најтешки дела, исклучување на малолетните престапници од опфатот на ова казнување и гаранции за правично судење.

Укинувањето на смртната казна на глобален план претставува една од главните цели на политиката за човекови права на ЕУ. Во 2010, ЕУ има дадено повеќе од 15 изјави во врска со смртната казна, од кои повеќето се однесуваа на поединечни случаи на кои им е изречена смртна казна, и спроведе бројни политички и дипломатски активности против смртната казна. Високиот претставник за надворешна политика и безбедносна политика на ЕУ/ потпретседател на Европската комисија, во нејзиниот говор пред Европскиот парламент во јуни 2010, истакна дека работата на ЕУ на укинувањето на смртната казна ширум светот претставува „личен приоритет”. Укинувањето на смртната казна е еден од тематските

приоритети на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР). Од 1994, преку ЕИДХР, Европската комисија има финансирано повеќе од 50 проекти ширум светот, со вкупен буџет од повеќе од 33 милиони евра. Овие цели подразбираат лобирање и застапување за ограничување на примената на смртната казна, како и за одложување и укинување, подигнување на јавната свест преку образованието во земјите во кои се применува, информирање на јавноста за да се изврши влијание на јавното мислење, студии за тоа како системите за смртна казна во државите се усогласени со меѓународните минимални стандарди, стратегии за информирање и поддршка за замена на смртната казна, како што е алтернативното казнување, заложби за обезбедување на пристап на затворениците осудени на смртна казна до правна помош и обука за адвокатите и судиите за ограничена примена на смртната казна.

### 5.1. Светски ден против смртната казна

На 10 октомври секоја година се одбележува Светскиот и европски ден во борбата за укинување на смртната казна. Овој ден претставува можност да се подигне свеста за нечовечноста на смртната казна во текот на целиот процес, од казнувањето до извршувањето. Европската Унија и Советот на Европа ја потврдија својата заедничка позиција кога станува збор за смртната казна и нивниот ангажман за нејзино укинување во целиот свет. Нивниот став е дека смртната казна е нехумана и претставува длабоко кршење на човековите права, а нејзиното укинување е камен-темелник на политиката на ЕУ за човековите права. Искуството на Европа вели дека смртната казна не придонесува за намалување на насилството, ниту пак им носи правда на жртвите, а претставува неповратно губење живот. Првиот Светски ден против смртната казна е одржан во 2003 година, по иницијатива на Светската коалиција против смртната казна, која се состои од меѓународни организации, бар-асоцијации, синдикати и локални власти од сите делови на светот.

### 5.2. Amnesty International и смртната казна

Amnesty International сметаат дека смртната казна е употребувана секој ден насекаде низ светот, некаде заради партнерот со кој спиеле осудениците на смртна казна, некаде заради терор и убиства. Некаде се казнуваат деца помлади од 18 години, а на други места се казнуваат и оние кои имаат психички проблеми и растројства. Осудените лица живеат во затворот не знаејќи кога ќе им биде пресудниот ден и кога последен пат ќе ги видат своите најблиски. Смртната казна е нехумана, сурова и деградирачка. Amnesty International не ја оправдуваат оваа казна во никој случај - без разлика на тежината на делото, без разлика на последиците од истото, без разлика на методот на егзекуција.

Amnesty International започнале да работат на случаите за смртната казна во светот од 1977 година и се залагаат да се намали истата, иако на почетокот тоа биле само 16 држави, денес се 140, што претставува 1/3 од вкупниот број на држави во светот.

Зошто не треба да постои смртна казна?

- Спротивно на човековите права – да се одземе нечиј живот, се скратува основното право на живот гарантирано со Универзалната декларација за човекови права;
- Неповратна, а грешки се случуваат – ризикот од извршување на смртна казна врз невин човек, со погрешно пресудување, се случува, а никогаш не би можело да се елиминира. На пример, од 1973 година, во САД биле испратени на смртна казна 150 затвореници, кои потоа биле ослободени. Врз многу од осудениците е извршена оваа казна и покрај сомнежите за вината на истите.
- Не го спречува криминалот – оние кои се за постоење на смртна казна тргнуваат од фактот дека ќе се намали криминалитетот во една земја, но сепак не постојат докази кои укажуваат на намалување на криминалот со одземање на нечиј живот, повеќе од казната затвор.
- Често се користи во држави со слаб правен систем – Кина, Иран и Ирак се топ три земји кои изрекуваат смртна казна врз основа на нефер судења. Но, исто така, многу смртни казни се изречени врз основа на „признанија“ добиени со тортура.
- Дискриминира – Смртната казна се изрекува врз основа на дискриминаторски обележја, како расна, верска, етничка припадност или врз посиромашното население кое и нема доволно средства и имаат помал пристап до правни ресурси за да се одбранат.
- Политичка алатка – Во некои држави како Иран и Судан, властите ја користат оваа казна спрема нивните противници.

Amnesty International повикува: да се укине смртната казна во државите каде што уште постои, државите кои престанале да ја користат во пракса оваа казна, да ја избришат од своите закони како таква и сите смртни казни да бидат сведени на затвор казни.

### 6. Македонија и смртната казна

Во Македонија не постои смртна казна. Воведувањето на истата за најтешките дела: убиство, чедоморство, педофилија е невозможно поради аспирацијата на нашата држава за влез во ЕУ, поради усогласување на нашата легислатива, со онаа на ЕУ. Во РМ последната смртна казна била изречена во 1987 година, по пресуда на тогашниот скопски Окружен суд за грозоморен случај на педофилија. Имено, таткото М.З. од С.З. ја силувал, задавил и запалил сопствената ќерка. Неколку дена подоцна му била изречена смртна казна – стрелање. За оваа контроверзна тема

низ годините се воделе жолчни дебати. Противниците сметаат дека е најлошо загрозување на човековите права, дека државата нема право да одземе ничиј живот, дека санкцијата треба да има превентивна улога и се повикуваат на неискоренувањето на криминалот со смртна казна во земјите каде што истата постои. Додека, пак, поддржувачите на овој вид казнување одговараат на тоа дека убиецот нема право да одземе туѓ живот, но тргнуваат од тоа дека ќе се заплашат сите идни потенцијални сторители на такви дела и ќе се повлечат од таквата идеја. Покрај светските организации Меѓаши, Амнести, но и ОН, и нашиот Устав прокламира забрана за смртна казна преку гарантирање на правото на живот: „Правото на живот е основно и најзначајно право на човекот, затоа што животот претставува најзначајна вредност за човекот и врвно добро за општеството. Животот на човекот е неприкосновен и затоа не може да се изрече смртна казна ниту по една основа. Не постои можност единка да биде лишена од живот како резултат на судска пресуда за сторено тешко кривично дело“.[9]

**Заклучок**

Како резултат на сè она што е произнесено во рамките на овој труд може да се заклучи дека смртната казна претставува најконтроверзната казна на светот, тема која повлекува со себе длабоки и жестоки дебати. Иако сите светски организации за заштита на човековите права се борат да се искорени оваа казна од корен, сепак сметам дека општество со деструктивно создадени личности нема да се промени, затоа што на злосторникот му е сеедно дали ќе биде казнет со смртна казна или со казна затвор, а факт е дека затворската казна насловена доживотен затвор се сведува на 40 или 20 години, а таквиот злосторник ќе влијае на останатите затвореници да прераснат во лица кои кога ќе излезат од затворската установа, првото што ќе го направат ќе биде кривично дело. Оние кои се противат на смртна казна, а налагаат наместо неа да има доживотен затвор во самица, всушност алудираат на многу понехуман начин на третирање и измачување на осуденото лице, затоа што каков би бил тој живот ако не е живот и личноста не е во допир со дневна светлина и живее во простории без услови. Нашата држава можеби не е доволно правно зрела за смртна казна, но општо секаде во светот, според мене, истата треба да постои за најтешките кривични дела. Ниту смртната казна ниту казната затвор нема да ги заплаши оние кои се способни на тешко кривично дело.

Но, ако замислиме ситуација во еден терористички напад, кои стануваат сè почести во последно време, каде што е убиена целата ваша фамилија, првото кое ќе го кажете и ќе сакате да го направите е смрт за

[9] С. Шкариќ и Г. Силјановска-Давкова, Уставно право (второ дополнето и изменето издание), Култура, Скопје, 2009, 358.

убијците на вашите најблиски. Или, пак, педофил да го измачува вашето дете, сексуално да го злоупотребува и на крајот да го убие, дали тогаш ќе сакате казна затвор за убиецот, каде што можеби ќе има подобри услови од каде било, каде ќе биде нахранет и со покрив над глава, или сепак ќе посакате да му се случи истото и нему? Факт е дека светските организации се борат за подобри и похумани права на сите луѓе, но до каква состојба ќе дојде светот ако се ублажуваат сè повеќе и повеќе сите казни. Психопатството на убиецот не е никакво оправдание за неговото поведение, тој одзел нечиј живот на суров начин, тој нема право да одлучува за животот на другите и затоа на сериските убијци, педофилите, терористите и слично, треба да се изрече смртна казна, затоа што ретко кој навистина се рехабилитира по излегувањето од затвор. Кога ќе се ставиме во кожата на жртвата тогаш вистински ќе посакаме да постои оваа казна, а сè друго кое ќе го кажеме против смртната казна за најтешки дела, ќе биде само наметнување на мислењето на борците за човекови права, кои се обидуваат да направат од светот подобро место за живеење, но длабоко во себе сигурно ја посакуваат смртната казна на бруталниот убиец на нивното дете!

**Користена литература**

Арнаудовски Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2013). Пенологија (прв дел). Скопје. 121-131.

Amnesty International. Death penalty. Alarming rise of death in 2014. Преземено во декември 2015. www.amnesty.org

Death penalty information center. Methods of executions. Преземено во декември 2015. www.deathpenaltyinfo.org

Europa. EEAS. Eu delegations. FYROM 2011. ЕУ и укинувањето на смртната казна ширум светот (10/10/2011). Преземено во декември 2015. www.eeas.europa.eu

Камбовски В. (2006). Казнено право (општ дел). Скопје. 47-48.

Собрание на РМ. ЕУ вести. Светски ден против смртната казна. Преземено во декември 2015. www.sobranie.mk

Шкариќ С. и Силјановска-Давкова Г. (2009). Уставно право (второ, дополнето и изменето издание). Скопје. 358.

25 of Humanity's Most Brutal Methods of Execution. Преземено во декември 2015. www.list25.com